


**<u>Основни податоци за Групацијата на шпедитери</u>**

Иако од временски аспект Групацијата е млада организациона форма на делување, преку нејзините активности се постигнати значајни резултати, не само од интерес на дејноста што ја покрива, туку и од интерес и на пошироката стопанска заедница.

Уште на самиот почеток по основањето, нејзиното појавување беше поздравено од сите стопански субјекти коишто се бават со шпедитерска дејност, за да, со текот на времето, во вистинска светлина се потврди и оправданоста на активностите што таа ги правеше во насока на унапредување на одредени состојби во стопанскиот живот на шпедитерите.

Групацитата своите активност претежно ги остварува преку седници и состаноци на органите и телата на нејзините членки, како и преку значајни средби и состаноци со владини и невладини органи и институции во земјата и странство.

Основните активностите се насочени, пред се, кон подобрување на соработката со царинските и инспекциските органи, а перманентно беше присутен и процесот на подобрување на внатрешната организираност на шпедитерите, согласно потребите на пазарот.

Во изминатиов 19 годишен период Асоцијацијата ги реализираше особено следните активности:

- Групацијата ги изготви и донесе Општите услови за работењето на меѓународните шпедитери,
- Активно учествуваше на сите досега одржани Балкански конгреси на шпедитерите, на кои претставниците на Групацијата со свое излагање имаа посебен настап по одредени теми, преку кои се упатувани пораки до надлежните државни органи на балканските национални економии за перманентно подобрување на состојбите во меѓународниот транспорт и шпедиција;

- Следејќи ги актуелностите и потребите што произлегуваат од новите законски прописи во областа на царинско-шпедитерското работење, Групацијата излезе во пресрет на барањата на шпедитерите преку организирање на обука за збогатување на нивното знаење со цел за полагање на испит за добивање лиценца за царинско посредување.
- Тргнувајќи од зацртаните основни цели и задачи, меѓу кои за достојно презентирање и заштита на интересите на своите членки и шпедитерската индустрија во целост пред надлежните органи и организации, од особено значење за шпедитерската дејност беше потпишувањето на Меморандумот за соработка и партнерство меѓу Групацијата на Меѓународните шпедитери и Царинската управа на Република Македонија, со коишто се поставија темелите за поцврста и понепосредна меѓусебна соработка во насока на унапредување на вкупните односите во сферата на царинско-шпедитерското работење.
- За потребите на членките и за нивно пошироко анимирање, Групацијата има отворено сопствена интернет страница препознатлива под името www.mifa.com.mk
- Функционалното делување на Групацијата е поставена и на научна основа со проширување на соработката со значајни научни институции во земјата. По тој основ, Проф. Д-р Александар Николовски е примен за почесен член на Управниот одбор на Групацијата, како еден од најзаслужните научни работници што имаат постигнато посебен придонес за развојот на шпедицијата во нашата земја.